

**Во Музејот на македонската борба, со специјална програма под наслов Жената борец за слобода и македонска државност, денеска се одбележа Меѓународниот ден на жената, 8 Март ...**

Низ потсетувањето на животниот пат на жените кои се бореле за слободата и државноста на Република Македонија, Музејот им оддаде почит на неколку жени револуционерки од НОБ во Македонија - Вера Јоциќ, Жамила Колономос, Ибе Паликуќа, Вера Циривири-Трена и Мирка Гинова.



Во рамките на програмата, настап имаа хорот и драмската секција на ООУ „Вера Циривири-Трена“ од Скопје, ансамблот „Македонија“ и студенти актери од Универзитетот за адуио и визуелни уметности ЕСРА од Скопје.

Специјални гостинки на Музејот на македонската борба, покрај министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска, беа и офицерки на Генералштабот на Армијата на Република Македонија.


Киро Донев
ОБЪРКАНА
ПРИКАЗКА
DEUS LUDENS